РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 39 став 1 алинеа 1 од Статутот на општина Виница (Сл.Гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014 и 4/2019 и 12/2022), и член 39 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25,127/25, 134/26, 212/26) Градоначалникот на општина Виница предлага:

П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А

За пристапување кон Иницијатива за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела од ДУП за г.Виница донесен со одлука бр.0201-579 од 28.10.1997 година(формирана на дел од КП 8563 КО Виница), КО Виница, Општина Виница

Член 1

Од страна на комисијата за урбанизам се прифаќа иницијативата за пристапување кон изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за градежна парцела од ДУП за г.Виница донесен со одлука бр.0201-579 од 28.10.1997 година(формирана на дел од КП 8563 КО Виница), КО Виница, Општина Виница.** Согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25,127/25, 134/26, 212/26), поднесена е иницијатива со арх.бр 11-568 од 27.10.2026 година од **Ангелков Ангелчо од Виница.** Намената е А1 –Домување во станбени куќи со комплементарни намени, а целта е диспозиција на површината за градење и организација на внатрешниот сообраќај и инфраструктура во проектниот опфат, без да се менуваат збирните параметри за површините за градење, намената на земјиштето и објектите, процентот на изграденост и коефициент на искористеност, како и другите плански параметри. Вкупна површина на предвидениот проектен опфат изнесува 470 м² .

Член 2

Средствата потребни за изработка на Урбанистичкиот проект опишан во член 1 од оваа Предлог – Одлука, ќе бидат на товар на предлагачот на иницијативата.

Член 3

Предлог – Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Виница

Предлагач:
Градоначалник
Митко Костадиновски
